задачи по нуклеарна физика

Williams 2.3

Во примерок од еден литар јагленороден двооксид при стандардни услови (температура и притисок) секоја минута се регистрираат во просек 5 дезинтеграции кои се резултат на радиоактивен процес што може да се опише со следнава равенка

$$^{14}_{6}\mathrm{C} \rightarrow ^{14}_{7}\mathrm{N} + e^{-} + \widetilde{\nu}_{e}$$

Да се пресмета колкав е делот на атомите $^{14}_{6}\mathrm{C}$ што се присутни во примерокот ако средниот живот на овие јадра е 8 267 години.